
МЕТРИЧКИ
КАРВАН
ГЕВГЕЛИЈА - ОХРИД
избор поезија

МЕТРИЧКИ КАРВАН
Гевгелија - Охрид
*- избор поезија-*

Издавач:
ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев" Гевгелија

Уредник:
Дамјан Ѓуров
Стефан Марковски

Лектор:
Жаклина Атанасова

Дизајн:
Оливера Томиќ

тираж - 500

*Издавањето на книгата е финансирано со средства од Програмата за финансирање на проекти од културата на Општина Гевгелија*

821.163.3-1(082.2)

МЕТРИЧКИ карван : Гевгелија-Охрид : избор поезија / [уредник Дамјан Ѓуров, Стефан Марковски]. - Гевгелија : ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев", 2021. - 227 стр. : фотографии ; 18 см

Слики и белешки за застапените автори

ISBN 978-608-4802-32-7

COBISS.MK-ID 55511557

# Содржина

ГЕВГЕЛИЈА

Стефан Марковски 7
Стефчо Стефанов 15
Лилјана Пецова – Илиеска 21
Васил Тоциновски 29
Димитар Арнаудов 39
Кирил Кангов 51
Јосип Коцев 67
Катерина Гогова 73
Пепи Стамков 81
Петар Јанчев 89

ОХРИД

Димитар Пандев 99
Бранко Цветкоски 109
Диме Ратајкоски 119
Зоран Јакимоски 125
Дамјана Видическа 135
Марина Икономова Шокева 143
Мирко Томовски 151
Паско Кузман 159
Пере Ристески 165
Славе Ѓорѓо Димоски 171
Емилија Карафилоска 179
Смиле Наумоски БРСЈАК 185
Стефан Костоски 195
Ана Рувиноска 201
Тоде Илиевски 209

РЕЦЕНЗИЈА ЗА ПОЕТСКАТА ЗБИРКА „МЕТРИЧКИ КАРВАН“ 216

## РЕЦЕНЗИЈА ЗА ПОЕТСКАТА ЗБИРКА „МЕТРИЧКИ КАРВАН"

Поетскиот алманах „Метрички карван" ни ја донесува поетската реч на дваесет и пет современи македонски поети. И како што секој карван, минувајќи низ разни места во себе впива и понесува разноликости и убавини, мириси и одблесоци од местата низ кои минува, така и овој амбициозен и, пред се, успешен проект, ни ги распостила поетските душевни дамари на овие поети од кои петнаесет се од нашата вековна престолнина – Охрид, а десет се од она најјужно гратче на нашата Македонија, толку познато и опеано – Гевгелија. Од прекрасниот Охрид, застапени се поетите: Димитар Пандев, Зоран Јакимовски, Бранко Цветкоски, Диме Ратајкоски, Славе Ѓорѓо Димоски, Паско Кузман, Емилија Карафилоска, Марина Икономова Шокева, Мирко Томовски, Дамјана Видическа, Пере Ристески, Смиле Наумоски БРСЈАК, Стефан Костоски, Тоде Илиевски и Ана Рувиноска, а од Гевгелија, таа јужна и топла страна се запознаваме со поезијата на Димитар Арнаудов, Васил Тоциновски, Кирил Кангов, Лилјана Пецова – Илиеска, Јосип Коцев, Катерина Гогова, Пепи Стамков, Петар Јанчев, Стефчо Стефанов и Стефан Марковски.

Секогаш радува средбата со современото книжевно творештво, како прозно, така и поетско. Како разгледувач на оваа целокупна поезија, бев

пред нас, како на театарска сцена, Марковски ќе проговори за животот со сите негови светлини и сенки, среде кои како на постамент стамено стои човекот и неговата дребност среде недовршеноста на бескрајот: „Погледите пулсираат /Сенките мирисаат на ново/Нови столови, нова сцена, нови актери во/Центарот на сцената со голем светол круг /Еден глуми магионичар/Ја симнува шапката во наклон/И од неа летаат птици кон нас..." („Светлината доцни").

Поетскиот алманах „Метрички карван" несомнено ќе си го најде местото меѓу вљубениците на современата македонска поезија, зашто ја обединува поетската реч на автори од различни професионални провиниенции, од различни поетски генерации, но истовремено автори кои ги изразуваат сите оние безвременски и вонвременски хуманистичко-егзистенцијални вредности за опстојбата на човекот среде ветриштата на не/времето. А единствениот начин да се опстои среде сите ветрометини е да се продолжи со создавање на вакви поетски ковчези кои ќе бидат понесени во многу карвани и долго ќе предизвикуваат естетска наслада и задоволство кај читателите.

**Проф.д-р Јованка Денкова**

Штип, 09.09.2021

РЕЦЕНЗИЈА ЗА ПОЕТСКАТА ЗБИРКА „МЕТРИЧКИ КАРВАН“

Поетскиот алманах „Метрички карван“ ни ја донесува поетската реч на дваесет и пет современи македонски поети. И како што секој карван, минувајќи низ разни места во себе впива и понесува разноликости и убавини, мириси и одблесоци од местата низ кои минува, така и овој амбициозен и, пред сè, успешен проект, ни ги распостила поетските душевни дамари на овие поети од кои петнаесет се од нашата вековна престолнина – Охрид, а десет се од она најјужно гратче на нашата Македонија, толку познато и опеано – Гевгелија. Од прекрасниот Охрид, застапени се поетите: Димитар Пандев, Зоран

Јакимовски, Бранко Цветкоски, Диме Ратајкоски, Славе Ѓорѓо Димоски, Паско Кузман, Емилија Карафилоска, Марина Икономова Шокева, Мирко Томовски, Дамјана Видическа, Пере Ристески, Смиле Наумоски БРСЈАК, Стефан Костоски, Тоде Илиевски и Ана Рувиноска, а од Гевгелија, таа јужна и топла страна се запознаваме со поезијата на Димитар Арнаудов, Васил Тоциновски, Кирил Кангов, Лилјана Пецова – Илиеска, Јосип Коцев, Катерина Гогова, Пепи Стамков, Петар Јанчев, Стефчо Стефанов и Стефан Марковски.

Секогаш радува средбата со современото книжевно творештво, како прозно, така и поетско. Како разгледувач на оваа целокупна поезија, бев поставена пред предизвик како да го започнам нејзиното толкување. Одговорноста беше дотолку поголема, зашто се работи за поезија каде секој автор има сопствен книжевен свет, оригинален поетски стил и јазик – комплексен и многузначен. Овој проект го потврдува тоа. Во овој осврт кон изборот, ќе се задржиме на мотивско-тематските, идејно-естетските одлики на избраниве поетски творби. Инаку, стиховите во целокупната збирка се асилабични и неримувани, организирани во слободни строфи, со што се открива настојувањето на застапените поети кон слободен стил на изразување.

Како почетна точка, да го спомнеме минатото кон кое се свртуваат неколкумина од поетите. Отсекогаш минатото, подалечно или поблиско било инспирација за книжевните неимари, а во случајов треба да се спомне антиката, античкото минато каде свој мир наоѓа Паско Кузман. Кон историското минато како инспирација се свртува и Кирил Кангов во неговата „Ода за Леонид Војводата“: „Те гледам во центарот на градот/Ти во скулптура од младоста/На висок постамент поставен/И песна напишана на македонски/И на три светски јазици/Ечи кој бескрајот и вечноста“. Почит кон претците искажува и Бранко Цветковски во песната „Се престорив во небесен шум“ за да на крај од истата песна извика егзалтирано: „*Свидетелствувам/Еве/ И признавам/Дека преку мене/„Најревносно ја крепите вашата бесмртност*!“.

Современието како мотивно-тематско јадро е присутно речиси кај сите автори, а особено индикативна во тој поглед е поезијата на Зоран Јакимовски, во чии стихови секојдневните, банални детали непогрешливо коегзистираат со фолклорни елементи во сеќавањата на поетот од родното огниште како и со љубовни проблесоци. Тој, сосема мирно и сталожено, но многу детално, додека пребира во фиоката со спомени, проговорува и за љубовта на која како да ѝ е судена да замре: „*...се потсетувам иако е доцна/како моите зборови останаа да сведочат против мене/тие исти зборови што хируршки точно допираа по тебе/што те правеа инвентивно убава како оригами,/што му даваа сладок вкус на срамот*“ („Со душа празна како чаура од топовска граната“). Од една географски оддалечена одредница, познат ресторан во Будимпешта, додека си го пие кафето, поетот е растревожен од мислата дека е само печалбар кој во своите дамари ја чувствува разулавената буица на минатите борци за самобитност на татковината. Додека е низ европските метрополи, како некогаш што беше случај и со Константин Миладинов во студената Москва, така и кај поетот Јакимовски, мислите едноставно му јуришаат на југ: „*...моите мисли во налети јуришаат кон југ/сета напнатост, мојот грч овде се ломи,/се пронајдов во веѓата на една ангелина/ете сосема случајно, без никаква намера...*“ („Јас секогаш имам една причина“).

Мошне впечатлива по своите согледувања е поезијата на Дамјана Видическа, која отворено проговорува за лажните и најчесто погрешни/извртени патријархални вредности кои им се всадуваат на младите: „*Да имав сестра,/ќе ја обвинував,/зашто*

*нели е жена,/и таа си го бара*“ („Да имав сестра“). Или, како што во следниве стихови од песната „Обратната“, Видическа го наговестува погубното влијание кое врз човекот го има таквиот начин на воспитување: „*Затоа, те сфаќам,/ќе се срамниш со земја,/ако треба сам гроб ќе си ископаш,/за само да не им штрчиш/на оние што те израснале/за на другите да им се докажат*“.

Неизоставно, во поезијата на повеќето автори лебдат универзални филозофско-егзистенцијални прашања за животот и живеењето, за разделбите и останувањето, зашто некогаш, како фениксот, треба да се остави сѐ зад себе, да се умре за да се родиме повторно, со прочистена душа и тело. Ваквите поетски навеви силно се чувствуваат во поезијата на Лилјана Пецова-Илиевска: „*Фениксот никогаш не бил посимболичен/во раѓањето,/ се' додека не настапеше првин смртта./Џабе нечујно го чекаме нечие доаѓање./Додека не го умреме сиот свет што го знаеме,/нема да се роди нов*“ (Убивајќи го фениксот“).

И додека во поетските бисери на Васил Тоциновски ни навева беспримерна тага заради проодноста на животот и неговата конечност, заради што ова речиси прозно-поетско мирно кажување на моменти во нашата свест ја проицира сликата на еден постар снемоштен раскажувач кој крај топла печка ја распредува својата тага: „*Одлетаа годините во јата десетолетни/и оставија замаглени сеќавања, пожолтени фотографии/отворени рани за кои нема ниту лек ниту утеха*“ („Пат од сите страни затворен“), во поетската реч на младата поетеса Ана Рувиноска во првообјавената збирка „Диви води“ децидно се раздиплува решеноста кон еден оптимистичко-виталистички однос кон животот: „*Ќе научам да ги затворам занданите на пеколот,/та побрзо да отскокнам кон прозорците на рајот./Ќе научам лошите искуства /во нови почетоци да ги претворам*“ („Нови почетоци“).

Димитар Арнаудов пишува за ноќното приближување на две, само навидум спротивставени религии: „*Научи ме да сликам сонови Хајрије/Ние повеќе не постоиме покрај времето/ами надвор од него Ефтихије/Посади го твоето семе во мојата плодна нива/сега и веднаш/а потоа ќе создаваме нови симболи*“ („Nolens volens“).
Не смееме да ги изоставиме освежувачките „поетски медалјони“ на Пере Ристески (хаику поезија) и Тоде Илиевски (анаграми) во кои авторите/поети, преку овие поетски минијатури, проговоруваат за љубовта со помош на математички симболи (Илиевски) и за местото и пулсирањето на животот во/околу човекот (Ристески): „*прошетка во шума/животот што не/го живеам*“.

Славе Ѓорѓо Димоски ни донесува три разнородни песни, од кои во „Воведение во себеси“ преку звукот на чекорите по камените плочи во манастирот, поетот понира длабоко во себе и своето тело и душа ги завештува на Бог, во втората, насловена како „25 април 2020“ поетот е среде убавините на Канео и загледан во сликата на езерото пред себе, а во потсвеста му ечи злото кое надоаѓа и кое сѐ уште е наша реалност – пандемијата со Ковид 19: „*Ковид 19, „...слушам некој зборува, ковид 19/се ослободува од мирисот на бадемовиот цут./Ковид е дневниот извештај,  езерото вечно сино...*“. Третата творба од него „Девојка на чардак“ претставува еден мал прозен исечок кој Димоски го извезил така умешно, создавајќи една фантастична слика за која и по нејзиниот прочит, читателот останува изненаден, зачуден од самиот пресврт: „*На фотографијата останува чардакот и еден празен простор во кој претходно стоеше девојката потпрена на пармакот и со цигара в рака, во бели патеки, стегнати фармерки и во есенски џемпер*“.

И кај поетесата Емилија Каранфилоска љубовта е дадена во нејзината суштина, во неопходноста да се биде до саканиот/та, како во стиховите: „*...ќе ти дојдам како*

*стара љубов/во вид на свиткан весник под пазуви,/среде божја недела со поглед за преглед/кога само ангелите се на дежурство, /чунки секогаш е недела кога ти доаѓам...*“ („Љубиш како Бог“), додека пак во песната „Биди ми ти“ поетесата крикнува по љубовта како единствена спасоносна нишка во зло време на пандемија: „*...дојди и биди мојот херој/додека вируси беснеат во сечии очи,биди мојот ангел со божја сенка/и избави ме од овој лош сон...*“

Петар Јанчев, пак, успева да се внукне во љубовната матрица од нејзиниот праисконски зачеток, па сѐ до она кое, според некои, е најлошото нешто во кое може да се претвори љубовта- навиката. Но, Јанчев дава една нова перспектива со тоа што укажува дека страста е таа која треба да премине во навика: „*Обидете се да ја избегнувате навиката,/за симпатијата да се роди одново,/да преминува во страст,/а страста да преминува во навика./Тогаш знаете дека вистински сакате*“ („Љубовна матрица“).

Поезијата на Стефчо Стефанов во која метафорично се опева љубовниот копнеж ни е доближена со специфичната убавина на гевгелискиот дијалект во песната „Благичко“: „*Кути кога са држат две коцки чоколадо шо са топат уф р’кта,/дур са топат претходно апнанте две уф уст’та./И кути кога двата прста после тоа и лижнани/пак лепат и са осеќат оти са исчинале уд чоколаато./Е, т’ка лепе мислата за денут/уф кој шо убавта жена/а з’г’дишкала желбата на аџамијата*“.

Истата таа страст и копнеж преку една суптилна скоро барокно префинета еротика ни е опеана кај Димитар Пандев во песната „Барокна“: „*Сѐ е во колковите/Во раширот меѓу нив./Едниот подиздигнат/Другиот подналегнат/На нешто недорамно/Мека постела на пример*“. Но, истовремено, во една друга песна „Гревовни страсти“, Пандев проговорува за една друга страст – страста кон поезијата, која кога еднаш ќе се вкуси, како највкусна овошка со својата сочност, засекогаш ги плени поетите: „*Поезијата ги пие поетите/Сочна е таа свежа напивка/Ги вшмукува Ги всркува/На ште срце и од нога/Поезијата ги голта поетите/И тоа е толку природно*“. Истата таа и таква поезија го вознесува поетот Бранко Цветковски во недогледните вселенски простори, а Јосип Коцев ја прифаќа поезијата како единствен можен начин за комуникација со сакаnата: „*А кога и тој празен одговор го немам,/излегувам од својот живот за да ти пишувам,/и само тогаш, чинам, дека вистински некаде живеам*“ („На крајот од реката“).

Пејсажната лирика ја среќаваме и во поезијата на Стефан Костоски, преку дадените исечоци од животот во урбаниот амбиент: „*Толпа сенки што се судираат/Автобусот е кроасанот со мармалад/Во раката на една дама*“ („Доаѓање на музиката“) и да ги наслика крајезерските убавини: „*Зракот секнува. Јас сум скриен под овој магнетен рид. Ветрот се забавува со езерото. Тука е /И патеката за влез во езерото*“ („Лебедова песна“), но истовремено овој автор исклучително умешно знае да го почувствува заморот на зографите среде студенилото на црквите: „*Го чувствувам заморот на мајсторите од пред неколку века./Потоа, дошле зографите. Тие, ноќе ги сонувале измачените и тажни лица/На мартирите. Во очите на мачениците капела милост*“ („Црква“).

Во поезијата на Стефан Марковски се одигрува драмата на човековиот живот, па пред нас, како на театарска сцена, Марковски ќе проговори за животот со сите негови светлини и сенки, среде кои како на постамент стамено стои човекот и неговата дребност среде недовршеноста на бескрајот: „*Погледите пулсираат /Сенките мирисаат на ново/Нови столови, нова сцена, нови актери во/Центарот на сцената со голем светол*

*круг /Еден глуми магионичар/Ја симнува шапката во наклон/И од неа летаат птици кон нас...*“ („Светлината доцни“).

Поетскиот алманах „Метрички карван“ несомнено ќе си го најде местото меѓу вљубениците на современата македонска поезија, зашто ја обединува поетската реч на автори од различни професионални провиниенции, од различни поетски генерации, но истовремено автори кои ги изразуваат сите оние безвременски и вонвременски хуманистичко-егзистенцијални вредности за опстојбата на човекот среде ветриштата на не/времето. А единствениот начин да се опстои среде сите ветрометини е да се продолжи со создавање на вакви поетски ковчези кои ќе бидат понесени во многу карвани и долго ќе предизвикуваат естетска наслада и задоволство кај читателите.

Штип, 09.09.2021 Проф.д-р Јованка Денкова



Поетскиот алманах „Метрички карван" несомнено ќе си го најде местото меѓу вљубениците на современата македонска поезија, зашто ја обединува поетската реч на автори од различни професионални провиниенции, од различни поетски генерации, но истовремено автори кои ги изразуваат сите оние безвременски и вонвременски хуманистичко-егзистенцијални вредности за опстојбата на човекот среде ветриштата на не/времето. А единствениот начин да се опстои среде сите ветрометини е да се продолжи со создавање на вакви поетски ковчези кои ќе бидат понесени во многу карвани и долго ќе предизвикуваат естетска наслада и задоволство кај читателите.

Проф. д-р Јованка Денкова